Име и презиме: _____ *Датум:* _____

Три сада

Имаме три сада. Секој од нив има одредена зафатнина. Најнапред полниме САМО еден од садовите со течност, а потоа со претурање на течноста од еден во друг сад, но не и надвор од садовите, треба да измериме одредено количество течност.

На пример, имаме садови со зафатнина од 2, 5 и 7 литри. Како да измериме 1 литар течност?
Решение: Прво ќе го наполниме садот од 5 литри, потоа ќе претуриме од него два литра во садот од 2 литри, и таа течност ќе ја претуриме во најголемиот сад од 7 литри. Во садот од 5 литри останале 3 литри, па повторно ќе претуриме од него два литра во садот од 2 литри. Сега, во садот од 5 литри ни останал посакуваниот 1 литар течност. Оваа постапка можеме да ја прикажеме на следниот начин:

(2) (5) (7) → 0 5 0 → 2 3 0 → 0 3 2 → 2 1 2

1 Ако имаме садови со зафатнина од 2, 5, и 7 литри, како може да се измерат 3 литри? А како 4 литри? А како 6 литри?

(2) (5) (7) →

(2) (5) (7) →

(2) (5) (7) →

2 Имаме три сада со зафатнина од 2, 7 и 9 литри. Како може да се измерат 3 литри?

(2) (7) (9) →

3 Имаме три сада со зафатнина од 4, 5 и 7 литри. Во едно буре има 12 литри течност. Како со помош на трите сада може да ја преполовиме течноста во бурето?

(4) (5) (7) [12] → 0 0 0 12 →

Copyright © 2015 Математика +

Три сада

Одговори

1

(2) (5) (7) → 0 5 0 → 2 3 0

(2) (5) (7) → 0 5 0 → 2 3 0 → 0 3 2 → 2 1 2 → 0 1 4

(2) (5) (7) → 0 0 7 → 2 0 5 →2 5 0 → 0 5 2 → 2 3 2 → 0 3 4 → 2 1 4 → 0 1 6

2

(2) (7) (9) → 0 7 0 → 2 5 0 → 0 5 2 → 2 3 2

3

(4) (5) (7) [12] → 0 0 0 12 → 0 0 7 5 → 0 5 2 5 → 4 1 2 5 → 4 0 2 6

Copyright © 2015 Математика +